**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

Кочо Рацин, Скопје- Центар

за период од 2024 до 2026 година

Јуни, 2026

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | ООУ „Кочо Рацин“ |
| Адреса | Ул. „Тодор Александров“ број 2, Скопје |
| Телефон, е-пошта | 02 317 75 77 oоukocoracin@centar.gov.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Мај- Јуни 2026 |
| Број на ученици во училиштето | 550 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Гордана Јаневска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |

## Статистички приказ:

| Прашалник за родители<br>- Од 1-5 одд.- бр. во дневник 2,4,6,8,10,12,4<br>- Од 6-9 одд.- бр. Во дневник 16,18,20,22,24,26 | Прашалник за ученици<br>- Од 4-6 одд.- бр. во дневник 1,3,5,7,9,11,13<br>- Од 6-9 одд.-бр. во дневник 15,17,19,21,23,25,27 | Прашалник за наставници<br>Сите наставници | Вкупен број на анкетирани | |
|---|---|---|---|---|
| 154 | 98 | 45 | 297 | 100% |
| Број на одговорени | Број на одговорени | Број на одговорени | | |
| 146 (94.8%) | 95 (96.94%) | 41 (91.1%) | | |
| Број на неодговорени<br>8 (5.2%) | Број на неодговорени<br>3 (3.1%) | Број на неодговорени<br>4 (8.9%) | Одговорени | Неодговорени |
| | | | 282<br>(94.8%) | 15<br>(5.2%) |

# ПОДРАЧЈЕ 1: Планирање, настава и учење

*Извештај од самоевалуација 2024–2026*

## **Координатор за Подрачје 1:** Сања Мерџановска

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Кочо Рацин“ Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Индикатори за подрачјето |
|---|
| 1.1 Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари |

| Индикатор 1.1 Планирање на наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатор и** | **Информации кои се собрани (обработени податоци)** |
| Анкета за наставници; Увид во глобални, тематски и деловни планирања; Записници од стручни активи; Е-дневник. | Изработка на планирањата согласно наставните програми | **Квалитативни наоди:** Наставниците навремено ги подготвуваат глобалните и тематските планирања во согласност со Бирото за развој на образованието (БРО). Посебен акцент е ставен на вертикалната и хоризонталната поврзаност на содржините, со редовна координација на ниво на стручни активи. |
| | Диференцијација во планирањето | **Наставници:** „Во моите планирања предвидувам диференцирани активности соодветни на различните способности на учениците.“ — позитивно се изјасниле 40 од вкупно 41 испитаници (97,6%); негативно се изјасниле 1 (2,4%).<br>**Анализа:** Постои висока подготвеност за планирање соодветно на потребите на учениците, но потребна е дополнителна поддршка за попрецизно диференцирање кај одредени предмети во предметна настава. |
| | Користење на ИКТ во планирањето | **Наставници:** „Планирам примена на дигитални алатки и ИКТ во наставниот процес.“ — позитивно се изјасниле 39 од вкупно 41 испитаници (95,1%); негативно 2 (4,9%).<br>**Анализа:** ИКТ е редовно застапен во писмените подготовки и плановите за час, поткрепен со употреба на е-дневникот и образовни софтвери. |

| Индикатор 1.2 Реализација на наставата и учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани (обработени податоци)** |
| Анкета за ученици; Анкета за наставници; Анкета за родители; Хоспитации од стручна служба и директор. | Примена на интерактивни методи на унапредување | **Наставници:** „На часовите применувам методи кои го ставаат ученикот во центарот на вниманието (групна работа, истражувања, проекти).“ — позитивно се изјасниле 38 од вкупно 41 испитаници (92,7%).<br>**Ученици:** „На часовите работиме во групи, правиме експерименти или истражуваме.“ — позитивно се изјасниле 72 од вкупно 95 испитаници (75,8%); негативно 15 (15,8%); не знам 8,4%.<br>**Анализа:** Наставниците декларираат висок процент на интерактивност, но кај учениците перцепцијата е нешто пониска, што укажува на потреба од почеста практична примена на овие форми. |
| | Мотивација и вклученост на учениците | **Ученици:** „Наставниците ме поттикнуваат да размислувам и слободно да го кажам моето мислење на часот.“ — позитивно се изјасниле 84 од вкупно 95 испитаници (88,4%).<br>**Родители:** „Наставата во училиштето е интересна за моето дете.“ — позитивно се изјасниле 130 од вкупно 146 испитаници (89,0%); негативно 13 (8,9%); не знам 3 (2,1%). |

| Индикатор 1.3 Следење и оценување на постигнувањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани (обработени податоци)** |
| Анкета за родители; Анкета за ученици; Анкета за наставници; Анализи на успехот на крајот на класификационите периоди. | Формативно и сумативно оценување | **Наставници:** „Редовно користам разновидни инструменти за формативно оценување (чеклисти, портфолио, рефлексивни дневници).“ — позитивно се изјасниле 40 од вкупно 41 испитаници (97,6%).<br>**Родители:** „Редовно и навремено добивам повратна информација за напредокот и оценките на моето дете.“ — позитивно се изјасниле 136 од вкупно 146 испитаници (93,1%). |
| | Критериуми за оценување | **Ученици:** „Оценките кои ги добивам се реални и наставниците ни ги објаснуваат критериумите.“ — позитивно се изјасниле 78 од вкупно 95 испитаници (82,1%); негативно 11 (11,6%); не знам 6,3%.<br>**Анализа:** Оценувањето е во голем дел транспарентно, но постои простор за подобрување на јасноста на критериумите, особено при сумативното оценување во предметна настава. |

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/ резиме на подрачјето**

Анализата на Подрачјето 1: Планирање, настава и учење во ООУ „Кочо Рацин“ покажува дека наставниот кадар поседува високи професионални компетенции за планирање и реализација на воспитно-образовниот процес. Планирањата се усогласени со современите наставни програми, а соработката во рамките на стручните активи овозможува квалитетна хоризонтална и вертикална корелација на наставните содржини.
Наставата во голем дел се реализира преку примена на современи методи и ИКТ алатки, што придонесува за висока мотивација кај учениците. Формативното оценување се спроведува континуирано, а родителите добиваат редовни повратни информации за напредокот на своите деца преку родителски средби и Е-дневникот.
Како клучни предизвици во ова подрачје се издвојуваат потребата од дополнителна обука на наставниците за подлабока диференцијација на наставата (за талентирани ученици и ученици со потешкотии), зголемување на практичната и истражувачката работа на часовите, како и понатамошно опремување на училниците со современи нагледни средства.

**Силни страни**

- Навремено и квалитетно изработени глобални и тематски планирања согласно насоките на БРО.
- Висок степен на подготвеност на наставниците за интеграција на ИКТ во наставата (95,1% позитивни одговори).
- Развиена соработка и споделување добри практики во рамките на стручните активи во училиштето.
- Континуирано следење на напредокот на учениците преку разновидни инструменти за формативно оценување.
- Висок процент на ученици кои се чувствуваат поттикнати слободно да размислуваат и дискутираат на часовите (88,4%).
- Редовно и транспарентно информирање на родителите за успехот на учениците (93,1%).

**Слаби страни**

- Потреба од дополнителна поддршка за диференцијација на активностите во редовното тематско планирање, особено во предметна настава.
- Значаен дел од наставниците (26,8%) сметаат дека не добиваат навремени обуки за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.
- Речиси две петтини од наставниците (39,0%) изразуваат потреба од поголема поддршка од директорот/стручната служба при изготвување на планирањата.
- Разлика во перцепцијата меѓу наставниците и учениците во однос на застапеноста на групната и истражувачката работа на часот.
- Дел од учениците (11,6%) сметаат дека критериумите за сумативно оценување не се секогаш доволно појаснети.
- Недостиг на специфични нагледни средства за реализација на практични експерименти во предметна настава.

- Ограничени можности за хоспитации и взаемно следење на часови меѓу колегите поради згуснатиот распоред на обврски.

**Приоритети**

- Зајакнување на диференцираниот пристап во планирањето и наставата за ученици со различна брзина на учење.
- Обезбедување на континуирани професионални обуки за наставниците во насока на современи методи и техники за планирање.
- Зголемување на учеството на учениците во практични, проектни и истражувачки активности на часовите.
- Поголема јавност и детално дефинирање на критериумите за оценување по сите предмети.
- Обезбедување дополнителни дигитални и физички нагледни средства за настава.

**Препораки**

- На состаноците на стручните активи задолжително да се планираат конкретни и прецизни активности за диференцијација во наставата.
- Да се организираат внатрешни обуки во училиштето за користење на нови образовни апликации и платформи во наставниот процес, како и да се упати барање за наменски надворешни обуки за современо планирање.
- Да се зголеми внатрешната менторска поддршка од страна на стручната служба при подготовката на тематските планирања за предметна настава.
- Да се зголеми бројот на часови кои вклучуваат експерименти, теренска настава и практична примена на знаењата.
- Стручните активи да изработат унифицирани и јасни критериуми за оценување кои ќе бидат јавно објавени на почетокот на секоја учебна година.

## Графички приказ на резултатите



Ученици — позитивни наспроти негативни одговори по тврдење (Подрачје 1)
Вкупно испитаници: 95




Родители/старатели — позитивни наспроти негативни одговори по тврдење (Подрачје 1)
Вкупно испитаници: 146




Збирен преглед на одговорите за Подрачје 1
Споредба меѓу ученици и родители



# ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците

*Извештај од самоевалуација 2024–2026*

## Координатор за Подрачје 1: Весна Бојаџиева



## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето |
|---|
| 2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

| Индикатор 2.1 Постигања на учениците | | |
|---|---|---|
| Извори<br>на податоци | Теми<br>по индикатори | Информации<br>кои се собрани |
| Дневник на паралелките<br>Евидентни листови за успех и поведение<br>Прегледи за успех од тромесечие<br>Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br>Записници од стручни активи<br>Анкети со *на*ставници, родители и ученици<br>Годишна програма за работа и Извештај за работа на учи | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Средниот успех во учебната 2025/2026 година изнесува 4,91.<br>Следењето на постигањата на учениците е континуирано и разработено во компаративните анализи од еден во друг циклус на образование во училиштето.<br>Преку сеопфатниот увид во постигањата на учениците проверени преку интерни тестирања, училиштето планира и превзема активности за подобрување |

| | | |
|---|---|---|
| Извештаи од стручна служба<br><br>Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br><br>Разговор со стручна служба<br><br>Програма за додатна и дополнителна настава | | на постигањата на учениците.<br><br>Промовирање на постигањата на учениците се врши преку доделување на награди и признанија на патрониот празник на училиштето, учество на конкурси и манифестации во организација на општината, со учество во емисии на националните телевизии и други медиуми и промовирање преку веб страната на општината и веб страната на училиштето. |
| | Резултати од екстерни тестирања | / |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Училиштето ги идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br><br>Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, но не секогаш избираат активности и изготвуваат задачи соодветни на нивните интереси и можности. |
| | Известување на родителите/ старателите за постигањата на учениците | Родителите имаат повеќе можности да бидат редовно известени за постигањата на учениците: Е-дневник, родителски средби, индивидуални средби во термините за приемен час на секој наставник, веб страна на училиштето. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| Извори | Теми | Информации |

<table>
<tr><th>на податоци</th><th>по индикатори</th><th>кои се собрани</th></tr>
<tr>
<td>- Податоци и извештаи од психолошко / стручни соработници<br><br>- Податоци од одделенски раководители одделенски дневници<br><br>-Податоци од административна служба (секретарот ), и главна книга<br><br>-Програма за работа и Извештај за работа на училитето<br><br>-Списоци на деца од реонот на училиштето<br><br>-Известувања МОН и ДПИ<br><br>-Интервју со стручната служба</td>
<td>Редовност во наставата</td>
<td>Опфат на ученици<br><br>Училиштето има изградена политика за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. На почетокот на учебната 2025/2026 година во прво одделение се запишале 51 ученици. Вкупниот број изнесува 550 ученици.<br><br>Редовност во наставата<br><br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Во учебната година 2025/2026 година вкупниот број на изостаноци изнесува 7288 изостаноци, 13,25 изостанок по ученик, од кои 41 неоправдани изостаноци или 0,07 неоправдани изостаноци по ученик.<br><br>Споредбени податоци со претходните учебни години<br><br><table><tr><td>Изостаноци</td><td>2023/</td></tr><tr><td>Оправдани</td><td>13035</td></tr><tr><td>Неоправдани</td><td>52</td></tr><tr><td>Вк.изостаноци</td><td>13087</td></tr></table><br>Училиштето има политика на бележење и следење на изостанувањата. Од анализите што ги водат стручните соработници за последните три учебни години, може да се констатира дека годинава има намалување на бројот на оправдани и неоправдани</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | изостаноци. Според изготвените извештаи бројот на неоправдани изостаноци главно се должи на доцнење на прввиот и третиот час (по завршување на големиот одмор).<br><br>Училиштето по потреба реализира советувањата на родителите и учениците за што води уредна евиденција.<br><br>Советувањето се врши преку комуникација со учениците, преку индивидуални и групни средби со родителите и со реализација на структурирани работилници со учениците.<br><br><br>Осипување на учениците<br><br>Осипувањето на ученици е незначително. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (преселување, заминување во странство и сл.) е помал од бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште. Осипувањето на учениците кое е минимално, се следи и анализира од стручните соработници.<br><br><br>Преминување на учениците од едно училиште во друго<br><br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот. |
| | Советување на родители/ старатели и ученици | Во текот на учебната година, стручна служба врши советувања на родители/ старатели и ученици. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.<br><br>Додатната настава интензивирано се реализира со подготвување за учество на учениците на натпревари, разни манифестации и приредби.<br><br>Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.<br><br>Во учебната 2025/2026 година учениците освоиле 201 награда на општински натпревари, 143 награди на регионални натпревари, 28 награди на државни натпревари и 1 на меѓународни натпревари. Вкупно се освоени 217 награди.<br><br>Наградите се освоени по наставните предмети: физика, биологија, македонски јазик, англиски јазик и математика, географија, физичко, ликовно |

| | | |
|---|---|---|
| | | и музичко образование.<br><br>Се забележува зголемување на бројот на освоени награди во однос на претходните учебни години.<br><br>Голем број од наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците наставниците . |

Подрачје 2: Постигања на учениците

| Опис/ резиме на подрачјето<br><br>Во учебната 2025/26г се забележува подобрување на постигањата на учениците на образовен план во и надвор од училиштето. |
|---|
| Силни страни<br><br>● За постојано подобрување на постигањата на учениците се унапредуваат планираните конкретни активности ( соработка во стручни активи за подобрување на квалитетот на редовната настава, активирање на натпревари, квизови итн). Според анкетите 87% од учениците смета дека наставниците постојано ги поттикнуваат на зголемувањето на нивото на нивните знаења.<br><br>● Во училиштето се поуспешно се применува веќе изготвената процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби.<br><br>● Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби и континуирано ги збогатува секојдневните свои активности, планирани и реализирани од наставниците и асистентите во соработка со стручната служба.<br><br>● Во училиштето континуирано се работи на поефикасно и навремено следење и анализа на редовноста на учениците. Одделенскиот раководител мора да биде известен од родителот со порака на почетокот на денот дека детето ќе биде отсутно,во случај на непријавено отсуство веднаш го контактира родителот, а во случај на подолго отсуство се вклучуваат сите наставници во организацијата за постигнување на училишните обврски на ученикот. 94% од родителите се задоволни од континуираното информирање.<br><br>● Учениците во текот на наставата редовно добиваат повратни информации и препораки за нивните постигнувања и напредок во учењето, а и родителите се навремено известени со користење на групите за комуникација, како и индивидуално. Зголемени се можностите за комуникација меѓу сите субјекти. Според анкетите 84% од учениците и 94% од родителите сметаат дека се редовно информирани за напредокот на ученикот. |

- Во учебната 2025/2026 година е зголемен бројот на награди освоени на општински, регионални , државни и меѓународни натпревари во однос на претходните години.
- Според анкетите 92% од учениците сметаат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите и во училиштето.

Слаби страни

- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование ( комуникација и повратна информација имаме само со една гимназија).
- Информирањето на учениците за додатна и дополнителна настава според анкетите не е доволно добро (53,7% од учениците се изјасниле дека наставниците им организираат дополнителна настава на нивно барање, а 45,7% дека имаат можност за додатна настава). Од анкетите се забележува дека има ученици и родители кои не знаат што е додатна, а што дополнителна настава, така да ќе треба тој дел да се објасни на родителските средби.

Приоритети

- Во планот за развој треба да се вклучи следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование.
- Примена на повеќе различни начини за информирање на учениците и родителите за додатна и дополнителна настава, односно споделување на распоредот за додатна и дополнителна и повеќе усно појаснување.

**Графички приказ на резултатите**





Поддршка на учениците
80
60
40
20
0
Моите...
Наставни...
Доколку...
Доколку...
Доколку п...
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам




Поддршка на учениците
100
50
0
Од...
Од...
Конти...
На...
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам

# ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

*Извештај од самоевалуација 2024–2026*

## **Координатор за Подрачје 3:** Александар Тошевски



Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 3.1 Училишна клима<br>3.2 Едаквост и правичност<br>3.3 Пртнерски однос со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
|---|---|---|
| **Извори на пода тоци** | **Теми по индикат ори** | **Информации кои се собрани (обработени податоци)** |
| Анкета за ученици; Анкета за наставници; Анкета за родители/старатели; Интервју со стручна служба и директор; Годишни програми; Записници од Училишен парламент; Куќен ред; Кодекс на однесување; Записници од Совет на родители; Протокол за заштита од нас | **Углед/имиџ на училиштето** | **Квалитативни наоди (интервју/документација):** Училиштето е препознатливо по квалитетната воспитно-образовна работа, постигнувањата на учениците на натпревари, инклузивниот пристап, реализацијата на бројни проекти и активната соработка со локалната заедница. Угледот е поткрепен со истакнат кодекс на однесување и куќен ред. |
| | **Кодекс на однесување** | **Наставници:** „Имам учествувано во изработка/ажурирање на кодексот за однесување во училиштето. “ — **позитивно се изјасниле 24 од вкупно 41 испитаници (58,5%)**; **негативно се изјасниле 15 од вкупно 41 испитаници (36,6%)**; не знам 4,9%.<br>**Наставници:** „Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување. “ — **позитивно се изјасниле 33 од вкупно 41 испитаници (80,5%)**; **негативно се изјасниле 8 од вкупно 41 испитаници (19,5%)**; не знам 0,0%. |

| | | |
|---|---|---|
| илство; Извештаи од работата на училиштето; Педагошка евиденција. | | **Родители:** „Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето. " — **позитивно се изјасниле 144 од вкупно 146 испитаници (98,7%)**; **негативно се изјасниле 2 од вкупно 146 испитаници (1,4%)**; не знам 0,0%.<br><br>**Родители:** „Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување. " — **позитивно се изјасниле 98 од вкупно 146 испитаници (67,1%)**; **негативно се изјасниле 24 од вкупно 146 испитаници (16,4%)**; не знам 16,4%.<br><br>**Анализа:** Кодексот е добро познат (родители 98,7% позитивно), но учеството во неговото ажурирање е послабо, особено кај наставниците (3.1 само 58,5% позитивно) и дел од родителите (16,4% немаат информација). |
| | **Училишна клима** | **Наставници:** „Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. " — **позитивно се изјасниле 38 од вкупно 41 испитаници (92,7%)**; **негативно се изјасниле 3 од вкупно 41 испитаници (7,3%)**; не знам 0,0%.<br><br>**Наставници:** „За време на моите часови има добра работна атмосфера. " — **позитивно се изјасниле 41 од вкупно 41 испитаници (100,0%)**; **негативно се изјасниле 0 од вкупно 41 испитаници (0,0%)**; не знам 0,0%.<br><br>**Наставници:** „Добро соработувам со колегите во училиштето. " — **позитивно се изјасниле 40 од вкупно 41 испитаници (97,6%)**; **негативно се изјасниле 1 од вкупно 41 испитаници (2,4%)**; не знам 0,0%.<br><br>**Ученици:** „Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. " — **позитивно се изјасниле 82 од вкупно 95 испитаници (86,2%)**; **негативно се изјасниле 10 од вкупно 95 испитаници (10,6%)**; не знам 3,2%.<br><br>**Ученици:** „Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците. " — **позитивно се изјасниле 78 од вкупно 95 испитаници (81,9%)**; **негативно се изјасниле 16 од вкупно 95 испитаници (17,0%)**; не знам 1,1%.<br><br>**Ученици:** „Сакам да одам на училиште. " — **позитивно се изјасниле 72 од вкупно 95 испитаници (76,6%)**; **негативно се изјасниле 17 од вкупно 95 испитаници (18,1%)**; не знам 5,3%. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Родители:** „Моето дете е прифатено и почитувано од нас тавниците. “ — **позитивно се изјасниле 142 од вкупно 146 испитаници (97,2%)**; **негативно се изјасниле 4 од вкуп но 146 испитаници (2,7%)**; не знам 0,0%.<br>**Родители:** „Моето дете е прифатено и почитувано од соу чениците. “ — **позитивно се изјасниле 139 од вкупно 146 испитаници (95,2%)**; **негативно се изјасниле 7 од вкупно 146 испитаници (4,8%)**; не знам 0,0%.<br>**Родители:** „Моето дете сака да оди на училиште. “ — **поз итивно се изјасниле 141 од вкупно 146 испитаници (96,5%)**; **негативно се изјасниле 5 од вкупно 146 испитани ци (3,4%)**; не знам 0,0%.<br>**Анализа:** Климата е позитивна и поттикнувачка — настав ниците речиси едногласно (92–100%), родителите многу ви соко (95–97%), а учениците солидно (77–86%). Најнизок е по казателот „сакам да одам на училиште “ кај учениците (76,6%). |
| | **Поведение и дис циплина во учил иштето** | **Ученици:** „Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме. “ — **позитивно се изјасниле 74 од вкупно 95 испитаниц и (77,7%)**; **негативно се изјасниле 14 од вкупно 95 испита ници (14,9%)**; не знам 7,4%.<br>**Ученици:** „Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. “ — **позитивно се изјасниле 86 од вкупно 95 испитаници (90,4%)**; **негативно се изјасниле 6 од вкупно 95 испитаници (6,4%)**; не знам 3,2%.<br>**Родители:** „Училиштето добро се справува со дисциплин ата. “ — **позитивно се изјасниле 114 од вкупно 146 испит аници (78,1%)**; **негативно се изјасниле 25 од вкупно 146 и спитаници (17,1%)**; не знам 4,8%.<br>**Анализа:** Учениците ги познаваат правилата и последици те (90,4%), но справувањето со дисциплината е поскромно оценето кај родителите (78,1%) со 17,1% негативни. |
| | **Учество на учени ците во донесува њето одлуки и ре** | **Наставници:** „Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес. “ — **позитивно се изјасниле 41 од вкупно 41 испитаниц и (100,0%)**; **негативно се изјасниле 0 од вкупно 41 испита** |

| | | |
|---|---|---|
| | **шавањето пробл еми** | **ници (0,0%)**; не знам 0,0%.<br>**Ученици:** „Ученичката заедница од моето одделение уче ствува во активности за подобрување на работата на учил иштето.  " — **позитивно се изјасниле 71 од вкупно 95 исп итаници (75,5%)**; **негативно се изјасниле 11 од вкупно 95 испитаници (11,7%)**; не знам 12,8%.<br>**Квалитативни наоди (интервју/документација):** Функци онира Ученички парламент со редовни состаноци и Учен ички правобранител со заменици, кои се грижат за зашти та на правата на учениците и учествуваат во работата на у чилиштето.<br>**Анализа:** Наставниците целосно ги мотивираат ученицит е за учество (100%); кај учениците перцепцијата е пониска (75,5%), со 12,8% кои немаат информација. |

| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
|---|---|---|
| **Извори на подат оци** | **Теми по индика тори** | **Информации кои се собрани (обработени податоци)** |
| Анкета за ученици; Анкета за наставници; Анкета за родители/старател и; Интервју со стручна служба и директор; Годишни програми; Записници од Училишен парламент; Куќен ред; Кодекс на однесување; Записници од Совет на родители; Протокол за заштита од насилство; Извештаи од работата на училиштето; Педагошка | **Познавање и почитување на правата на децата** | **Наставници:** „Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата." — **позитивно се изјасниле 31 од вкупно 41 испитаници (75,6%)**; **негативно се изјасниле 10 од вкупно 41 испитаници (24,4%)**; не знам 0,0%.<br>**Наставници:** „На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права." — **позитивно се изјасниле 40 од вкупно 41 испитаници (97,5%)**; **негативно се изјасниле 1 од вкупно 41 испитаници (2,4%)**; не знам 0,0%.<br>**Ученици:** „Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права." — **позитивно се изјасниле 82 од вкупно 95 испитаници (86,2%)**; **негативно се изјасниле 9 од вкупно 95 испитаници (9,6%)**; не знам 4,3%.<br>**Родители:** „Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата." — **позитивно се изјасниле 92 од вкупно 146 испитаници (63,0%)**; **негативно се изјасниле 31 од вкупно 146 испитаници (21,2%)**; не знам 15,8%.<br>**Анализа:** Учениците знаат каде да се обратат при прекршување права (86,2%), но вклученоста на родителите во активности за правата на децата е слаба (63%, со 15,8% |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција. | | без информација) — простор за подобрување. |
| | **Еднаков и правичен третман за сите ученици** | **Наставници:** „Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман.“ — **позитивно се изјасниле 40 од вкупно 41 испитаници (97,5%)**; **негативно се изјасниле 1 од вкупно 41 испитаници (2,4%)**; не знам 0,0%.<br>**Наставници:** „Различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучувам во училишните активности.“ — **позитивно се изјасниле 39 од вкупно 41 испитаници (95,1%)**; **негативно се изјасниле 2 од вкупно 41 испитаници (4,8%)**; не знам 0,0%.<br>**Ученици:** „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици.“ — **позитивно се изјасниле 73 од вкупно 95 испитаници (76,6%)**; **негативно се изјасниле 17 од вкупно 95 испитаници (18,1%)**; не знам 5,3%.<br>**Ученици:** „Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици.“ — **позитивно се изјасниле 85 од вкупно 95 испитаници (89,4%)**; **негативно се изјасниле 8 од вкупно 95 испитаници (8,5%)**; не знам 2,1%.<br>**Ученици:** „Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите, како и другите ученици.“ — **позитивно се изјасниле 87 од вкупно 95 испитаници (91,5%)**; **негативно се изјасниле 7 од вкупно 95 испитаници (7,5%)**; не знам 1,1%.<br>**Родители:** „Моето дете ги добива истите услови за учење како и другите ученици.“ — **позитивно се изјасниле 134 од вкупно 146 испитаници (91,8%)**; **негативно се изјасниле 9 од вкупно 146 испитаници (6,2%)**; не знам 2,1%.<br>**Родители:** „Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици.“ — **позитивно се изјасниле 133 од вкупно 146 испитаници (91,1%)**; **негативно се изјасниле 9 од вкупно 146 испитаници (6,2%)**; не знам 2,7%.<br>**Родители:** „Моето дете не било дискриминирано во училиштето по која било основа.“ — **позитивно се изјасниле 139 од вкупно 146 испитаници (95,2%)**; **негативно се изјасниле 4 од вкупно 146 испитаници (2,8%)**; не знам 2,1%.<br>**Родители:** „Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.“ — **позитивно се изјасниле 106 од вкупно 146 испитаници (72,6%)**; **негативно се изјасниле 14 од вкупно 146 испитаници (9,6%)**; не знам 17,8%.<br>**Анализа:** Еднаквите можности се високо оценети (ученици 89–91%, родители 91–95%). Послаба е перцепцијата за подеднаква примена на правилата кај учениците (76,6%) и навремената реакција на нееднаков третман кај родителите (72,6%, со 17,8% без информација). |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани (обработени податоци)** |
| Анкета за ученици; Анкета за наставници; Анкета за родители/старатели; Интервју со стручна служба и директор; Годишни програми; Записници од Училишен парламент; Куќен ред; Кодекс на однесување; Записници од Совет на родители; Протокол за заштита од насилство; Извештаи од работата на училиштето; Педагошка евиденција. | **Соработка на училиштето со родителите/старателите** | **Наставници:** „Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето. " — **позитивно се изјасниле 38 од вкупно 41 испитаници (92,7%)**; **негативно се изјасниле 3 од вкупно 41 испитаници (7,3%)**; не знам 0,0%.<br>**Наставници:** „Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес. " — **позитивно се изјасниле 39 од вкупно 41 испитаници (95,1%)**; **негативно се изјасниле 2 од вкупно 41 испитаници (4,8%)**; не знам 0,0%.<br>**Родители:** „Мислењата и ставовите на родителите за унапредување на процесот се почитуваат и влијаат на одлуките. " — **позитивно се изјасниле 105 од вкупно 146 испитаници (71,9%)**; **негативно се изјасниле 27 од вкупно 146 испитаници (18,5%)**; не знам 9,6%.<br>**Анализа:** Наставниците активно ги вклучуваат и ги прифаќаат идеите на родителите (92–95%); кај родителите влијанието на нивните мислења врз одлуките е пониско оценето (71,9%, со 18,5% негативни). |
| | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | **Наставници:** „Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината од интерес на училиштето и заедницата. " — **позитивно се изјасниле 37 од вкупно 41 испитаници (90,3%)**; **негативно се изјасниле 4 од вкупно 41 испитаници (9,8%)**; не знам 0,0%.<br>**Квалитативни наоди (интервју/документација):** Училиштето има склучено меморандуми за соработка со локалната заедница, институции и невладини организации; реализира заеднички проекти, едукативни предавања во соработка со СВР Скопје и учество во културни манифестации.<br>**Анализа:** Соработката со општината и заедницата е добро оценета од наставниците (90,3% позитивно). |

| Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани (обработени податоци)** |
| Анкета за ученици; Анкета за наставници; Анкета за родители/старатели; Интервју со стручна служба и директор; Годишни програми; Записници од Училишен парламент; Куќен ред; Кодекс на однесување; Записници од Совет на родители; Протокол за заштита од насилство; Извештаи од работата на училиштето; Педагошка евиденција. | **Превенција и заштита од насилство** | **Наставници:** „Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.“ — **позитивно се изјасниле 41 од вкупно 41 испитаници (100,0%)**; **негативно се изјасниле 0 од вкупно 41 испитаници (0,0%)**; не знам 0,0%.<br>**Наставници:** „Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.“ — **позитивно се изјасниле 39 од вкупно 41 испитаници (95,1%)**; **негативно се изјасниле 2 од вкупно 41 испитаници (4,9%)**; не знам 0,0%.<br>**Ученици:** „Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство.“ — **позитивно се изјасниле 85 од вкупно 95 испитаници (89,4%)**; **негативно се изјасниле 7 од вкупно 95 испитаници (7,5%)**; не знам 3,2%.<br>**Ученици:** „Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство.“ — **позитивно се изјасниле 84 од вкупно 95 испитаници (88,3%)**; **негативно се изјасниле 6 од вкупно 95 испитаници (6,4%)**; не знам 5,3%.<br>**Родители:** „Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.“ — **позитивно се изјасниле 122 од вкупно 146 испитаници (83,6%)**; **негативно се изјасниле 11 од вкупно 146 испитаници (7,5%)**; не знам 8,9%.<br>**Родители:** „Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.“ — **позитивно се изјасниле 107 од вкупно 146 испитаници (73,3%)**; **негативно се изјасниле 17 од вкупно 146 испитаници (11,6%)**; не знам 15,1%.<br>**Родители:** „Училиштето добро се справува при појава на насилство.“ — **позитивно се изјасниле 93 од вкупно 146 испитаници (63,7%)**; **негативно се изјасниле 23 од вкупно 146 испитаници (15,8%)**; не знам 20,5%.<br>**Дополнителен показател (ученици):** на прашањето дали некој несоодветно се однесувал кон нив, „да“ одговориле 25 од вкупно 95 ученици (25,8%), а „не“ 70 од вкупно 95 ученици (74,2%).<br>**Анализа:** Наставниците спроведуваат превенција (95–100%), учениците знаат како да постапат (88–89%), но справувањето при појава на насилство е најслабо оценето кај родителите (63,7%, со 20,5% без информација), а четвртина од учениците пријавиле несоодветно однесување. |
| | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | **Наставници:** „Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога.“ — **позитивно се изјасниле 35 од вкупно 41 испитаници (85,4%)**; **негативно се изјасниле 5 од вкупно 41 испитаници (12,2%)**; не знам 2,4%.<br>**Ученици:** „Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните |

| | | |
|---|---|---|
| | | средства." — **позитивно се изјасниле 58 од вкупно 95 испитаници (61,7%)**; **негативно се изјасниле 19 од вкупно 95 испитаници (20,2%)**; не знам 18,1%.<br>**Родители:** „Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога." — **позитивно се изјасниле 96 од вкупно 146 испитаници (65,7%)**; **негативно се изјасниле 14 од вкупно 146 испитаници (9,6%)**; не знам 24,7%.<br>**Анализа:** Ова е област со најнизок опфат: учениците учествуваат во вакви работилници само 61,7% (18,1% без информација), а родителите потврдуваат мерки 65,7% (24,7% без информација) — јасен приоритет, повторен од 2024 г. |
| | **Квалитет на достапна храна** | **Квалитативни наоди (интервју/документација):** Во отворените коментари дел од родителите изразуваат незадоволство од квалитетот и нутритивната вредност на храната и бараат подобрување; училиштето обезбедува секојдневен оброк, вклучително бесплатен оброк за учениците од социјален ризик. |
| | **Хигиена и заштита од болести** | **Ученици:** „Училиштето е чисто и уредно." — **позитивно се изјасниле 63 од вкупно 95 испитаници (67,0%)**; **негативно се изјасниле 26 од вкупно 95 испитаници (27,6%)**; не знам 5,3%.<br>**Родители:** „Хигиената во училиштето е на високо ниво." — **позитивно се изјасниле 83 од вкупно 146 испитаници (56,8%)**; **негативно се изјасниле 51 од вкупно 146 испитаници (34,9%)**; не знам 8,2%.<br>**Квалитативни наоди (интервју/документација):** Се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за учениците и вработените.<br>**Анализа:** Хигиената е најслабо оценетата тема во подрачјето — родители само 56,8% позитивно (34,9% негативно), ученици 67% (27,6% негативно), со чести забелешки за тоалетите. Нова и истакната слаба страна. |
| | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | **Ученици:** „Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно." — **позитивно се изјасниле 78 од вкупно 95 испитаници (81,9%)**; **негативно се изјасниле 13 од вкупно 95 испитаници (13,8%)**; не знам 4,3%.<br>**Квалитативни наоди (интервју/документација):** Учениците во најголем дел се чувствуваат безбедно; дел од родителите укажуваат на ризик од паркирани возила во училишниот двор и бараат засилени мерки за безбедност.<br>**Анализа:** Чувството на безбедност кај учениците е високо (81,9%), но 13,8% се изјасниле негативно — потреба од дополнителни безбедносни мерки во дворот. |
| | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | **Квалитативни наоди (интервју/документација):** Училиштето обезбедува бесплатен оброк, донации на училишен прибор, бесплатни/попустни екскурзии и посети, како и хуманитарни акции во соработка со локалната заедница. |
| | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | **Квалитативни наоди (интервју/документација):** За учениците кои подолго отсуствуваат поради здравствени причини наставата се реализира во договор со наставникот или преку онлајн настава, доколку е во можност. |
| | **Грижа за социо-** | **Наставници:** „Учениците и родителите добиваат соодветна |

| | | |
|---|---|---|
| | **емоционалната добросостојба на учениците** | поддршка и помош за решавање на проблемите." — **позитивно се изјасниле 38 од вкупно 41 испитаници (92,7%)**; **негативно се изјасниле 3 од вкупно 41 испитаници (7,3%)**; не знам 0,0%.<br><br>**Ученици:** „Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми." — **позитивно се изјасниле 74 од вкупно 95 испитаници (78,7%)**; **негативно се изјасниле 15 од вкупно 95 испитаници (16,0%)**; не знам 5,3%.<br><br>**Ученици:** „Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник." — **позитивно се изјасниле 85 од вкупно 95 испитаници (90,3%)**; **негативно се изјасниле 7 од вкупно 95 испитаници (7,6%)**; не знам 2,2%.<br><br>**Ученици:** „Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето." — **позитивно се изјасниле 72 од вкупно 95 испитаници (75,6%)**; **негативно се изјасниле 15 од вкупно 95 испитаници (15,9%)**; не знам 8,5%.<br><br>**Ученици:** „Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем." — **позитивно се изјасниле 74 од вкупно 95 испитаници (78,5%)**; **негативно се изјасниле 17 од вкупно 95 испитаници (18,3%)**; не знам 3,2%.<br><br>**Родители:** „Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете." — **позитивно се изјасниле 133 од вкупно 146 испитаници (91,1%)**; **негативно се изјасниле 10 од вкупно 146 испитаници (6,9%)**; не знам 2,1%.<br><br>**Родители:** „Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете." — **позитивно се изјасниле 121 од вкупно 146 испитаници (82,9%)**; **негативно се изјасниле 16 од вкупно 146 испитаници (10,9%)**; не знам 6,2%.<br><br>**Квалитативни наоди (интервју/документација):** Се реализираат работилници за социо-емоционално учење (на пр. емоционална писменост); стручната служба води постојана грижа за менталното здравје на учениците.<br><br>**Анализа:** Поддршката е добро оценета (родители за добросостојба 91,1%), обраќањето до педагог/психолог кај учениците е (75,6%, 8,5% без информација) — простор за поголема видливост и приватност при работењето на стручната служба. |
